СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје

(02) 3246 851/852

Бр. **02-529/6**

Скопје, **24.09.2020 година**

# ЗАПИСНИК

## од Вонредна седница на Собранието,

свикана согласно *чл.33, став 2 од Деловникот за работа на Собранието на Стоматолошката комора*

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Разгледување и изјаснување за Предлог-записник на **7-та седница** на Собранието на СКМ;
2. Разгледување и изјаснување за измените на Правилникот за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите на континуирано стручно усовршување за обновување на лиценцата за работа за здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата;

Материјалот за седницата, кој се состоеше од Предлог - записник од 7-та седница на Собранието на СКМ и Предлог-измените на горенаведениот акт, за кои предлагач е ИО на СКМ, вметнати во текстот на Правилникот, Одлуката на Комисијата за стручни стоматолошки прашања на Стоматолошката комора на Македонија и предлозите доставени од Македонско стоматолошко друштво бр.03-353/1 од 21.06.2019 година, се доставија по електронски пат до делегатите на Собранието на Комората.

По однос првата точка „Разгледување и изјаснување за Предлог записник на 7-та седница на Собрание на СКМ„ доставени се следниве мислења, и тоа од:

1) Д-р Круме Чесноски:

„Кога погледав дека ќе имаме вонредна седница веднаш помислив дека ќе треба да се расправа или ќе треба да се донесе итна одлука во контекст на точките и проблемите кои беа презентирани од колешката Весна Чемерска Попова на претходната седница, но за жал интересите во овие тешки моменти за стоматологијата се сосема други. Колега Оливер, за првата точка во Записникот од претходната седница да се внесат предлозите кои барав да се ставаат на гласање, а истите не ги стави. Да се внесат работите што ги кажав како: човек-комора и заробена институција и тоа правилно со точен контекст и врз основ на што ги кажав. Да се внесе мојата процедурална забелешка на крајот од

седницата за тоа која е личноста позади профилот skm.mk, а учествува во работата на Собранието и потоа да го ставиш Записникот на усвојување и ќе гласам за таа точка".

2) Д-р Дафина Богеска:

„Сакам да го изразам мојот револт од неодговорноста на Комората за изнаоѓање на решенија на нашите проблеми кои ги нотиравме на претходната седница и наместо да се закажи седница за изнаоѓање решенија на ситуацијата во која се наоѓаме се закажува итна седница за измени на Правилникот на КСУ. По однос на правата точка сакам во Записникот да влезат дословно прашањата кои ги поставив по е-маил до Претседателот на комората и одговорите на истите, бидејќи во Записникот ги нема сите и ги нема одговорите на сите прашања затоа ги праќам повторно со оригиналниот текст од испратениот е-маил. Воедно, сакам да напоменам дека на денот кој е посочен дека ми е одговорено на прашањата поврзани со донесувањето на завршната сметка од претходната година, немам добиено е-маил, јас испратив барање до службите на комората да ми достават доказ за ова, но до ден денеска ниту одговорите ниту доказ дека нешто е испратено немам добиено со нагласок дека, морало да му одобри некој за тоа да го направат. Затоа повторно барам службите одговорите на тие прашања да ги достават до мене и до сите делегати во циркуларно писмо. Ова беше мојот е-маил испратен пред седница, го препраќам до сите, а воедно бидејќи не беше одговорено на сите прашања, барам на сите писмено преку е-маил да ми се одговори. Сакам да се јавам за дискусија по точка разно и да предложам да се вметне точка на дневен ред за иднината на стоматолозите и работата во кризна состојба поради вирусот како и ревизија на цените на услугите".

3) Д-р Благоја Поповски:

„Прво би сакал да посочам на итноста од една нормална редовна (онлајн) седница, каде би дискутирале за актуелната состојба во која се наоѓаат голем дел од колегите поради глобалната Ковид 19 криза, како и изнаоѓање на решение и мерки како би се заштитиле ние сите и здравствено, а и финансиски. Сметам дека кризната група формирана од страна на Комората недоволно (мој личен став) делуваше изминатиот период во насоката да ги заштити колегите. Затоа апелирам уште еднаш, што е можно поскоро да се свика седница баш по овие прашања, и како ние ќе делуваме понатака како релевантно тело. За првата точка усвојување на Записникот, сметам дека треба прво да се вметнат забелешките од сите колеги па потоа да се гласа".

4) Д-р Наташа Петреска:

„По однос на првата точка на дневен ред имам забелешка во делот на моето прашање, д-р Петреска со прашања до Претседателот на СКМ , д-р Денковски и тоа: Кога ќе се започне со работа и дали Комората ќе обезбеди средства за протокол? Моето прашање беше кога ќе се започне со работа и дали Комората размислива со Кризниот штаб како ќе се одвива нашата работа и дали ќе може да се обезбеди сертифицирана опрема, без притоа некој во овие тешки моменти да размислува за пари, а камоли да бара Комората да обезбеди средства. Како стоматолог кој има познавања што значи сертифицирана опрема, побарав само кризниот штаб да издејствува преку Комисијата за заразни болест со оглед на нашата близина при работа со пациентите да може да се снабдиме со опрема што ќе биде наша реална заштита, за да не импровизираме.

Понатаму имаше дискусија дали треба сите доктори стоматолози да се тестираат на КОВИД 19, дали протоколите ќе се доволни итн. Мојата дискусија се однесуваше на тоа дека, пред повторно да ги отвориме нашите ординации да мора сите тимови да се тестираме за Ковид 19, со оглед на тоа што може да бидеме причина за ширење на вирусот. Одговорот што го добив од Претседателот на комората мислам дека сите го слушнавте. Повод и образложение беа тогашните случувања со Градоначникот на Куманово и сите последици што притоа произлегоа. Во однос на оваа точка ќе гласам кога ќе биде корегиран записникот“.

5) Д-р Милан Ламевски:

„Во однос на записникот сум воздржан и сметам дека секој си знае што кажал и истото треба да се испочитува.“

6) Д-р Андреја Рендевски:

„По однос на првата точка за усвојување на Записникот од 7-мата седница имам забелешка во последниот дел од Записникот, каде се кажува дека постоеле многубројни дискусии. Ќе го замолам записничарот Ивана Велјановски внимателно да ја преслуша снимката од онлајн седницата во тој дел, бидејќи од страна на Претседателот на СКМ беа споменати одредени Претседатели на Регионални одбори кои според него одбивале да соработуваат при дистрибуцијата на заштитната опрема и материјали, што за мене лично е навреда, непочитување и нарушување на мојот углед, бидејќи мене како Претседател на Регионален одбор СКМ воопшто не ме контактирала ниту писмено, ниту телефонски за таа акција. Затоа, барам доследно да се вметне таа дискусија и мојата реплика упатена до Претседателот на СКМ во записник. Откако ќе се вметне таа измена во записникот, ќе гласам ЗА. До тој момент, гласам ПРОТИВ по оваа точка. Сметам дека најголема итност на СКМ треба да биде носење на решенија за излез од погоденоста на стоматолошките здравствени установи од КОВИД-19 пандемијата и финансиските импликации кои се уште ги трпат, а во правец на најитно, неодложно ревидирање на цените на приватните стоматолошки услуги и ревизија на ценовникот на партиципација на фондовските услуги во соработка со ФЗО.

**Согласно Деловникот за работа на Собранието на Стоматолошка комора глава VII, член 33, став 2 и 3, по завршување на изјаснувањето и пребројување на гласовите Претседателот на Собранието, д-р Оливер Манасиев, констатира дека по однос на првата точка на дневен ред, Предлог – записникот од 7-мата седница на Собранието на СКМ е усвоен со <u>44 гласа *ЗА*</u>, <u>4 гласа *ПРОТИВ*</u> и <u>3 гласа *ВОЗДРЖАНИ*</u>.**

По однос на измените на Правилникот за КСУ, образложение на измените достави Претседателот на Собранието – д-р Оливер Манасиев, и тоа дека предложените измени вметнати во важечкиот текст на Правилникот произлегуваат од работата на Комисијата за стручни стоматолошки прашања на Стоматолошката комора на Македонија, како и од доставените забелешки од страна на Македонско стоматолошко друштво како акредитиран спроведувач на облиците на КСУ и и се разгледани и усвоени на ИО на СКМ. Дел од предложените измени произлегуваат и од соочувањето со проблем во пракса при начинот на спроведување на континуираното стручно усовршување. Промените во однос на критериумите кој може да биде поканет како предавач произлегуваат од потребата во процесот на стручно усовршување да бидат вклучени и доктори на стоматологија или

медицина, кои се стручни и докажани во областа, но немаат академска титула доктор на науки.

Дел од измените се како потреба од работата во вонредни услови, наметната од вонредната состојба, предизвикана како последица на пандемијата од вирусот COVID 19, односно потреба да се предвиди можност облиците на континуирано стручно усовршување, предвидени со годишниот план да може да се спроведуваат и на друг (нестандарден) начин, како што е видео-конференција, која треба да се спроведува и за пониски котизации, а истото да не се ограничува на само еднаш годишно, со што ќе се олесни пристапот до стекнување на бодови за релиценцирање за членовите на Комората поради што и Комисијата за стручни стоматолошки прашања, на седницата одржана на ден 21.05.2020 година, донесе Одлука бр.17-480/3 за барање за измени на Правилникот, кои произлегуваат како потреба од работата во вонредни услови, односно потреба да се предвиди можност облиците на континуирано стручно усовршување, предвидени со годишниот план да може да се спроведуваат и на друг (нестандарден) начин, како што е видео-конференција и други облици на on line едукација, а истото да не се ограничува на само еднаш годишно.

По однос втората точка „Разгледување и изјаснување за измените на Правилникот за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите на континуирано стручно усовршување за обновување на лиценцата за работа за здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, доставени се следниве мислења, и тоа од:

1) Д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска:
„Го разгледав Правилникот со новите измени и се согласувам со истиот со една забелешка, во членовите 10 и 11 направена е техничка грешка и наместо ''конгресен одбор'' треба да стои ''научниот одбор на конгресот'', исто како што стои и во член 8 од истиот правилник и гласам ЗА“.

2) Д-р Круме Чесноски:
„За втората точка, начинот на кој се сака да се измени општ акт, Правилник за КСУ кој се носи согласно Законот за здравствена заштита и јавните овластувања на Комората без одржување на седница, без расправа, без дискусија, без можност за предлог-амандмани, перфидно ...... е несвојствен за демократски општества и за земја која е на чекор за членство во ЕУ. Ваквиот чин е во најмала рака голема навреда и непочитување на делегатите, врз членовите на комората, врз Собранието како највисок орган, а лично за мене, а можеби и за другите, напад на интелегенцијата. Врз основ на погоре искажаното, бидејќи како делегат ми се ускратени одредени права, не гласам за точката 2“.

3) Д-р Грација Бакраческа:
„По однос на втората точка сметам дека треба да се дискутира, нема да гласам“.

4) Д-р Благоја Поповски:
„По однос на втората точка, мое лично мислење е дека треба да се гласа на нормална во најмала рака онлајн седница, се со цел по транспарентно, а и по квалитетно да се донесе најдоброто решение како и да се превенира од пребрзо и неквалитетно носење на заклучоци и измени. Затоа гласам ВОЗДРЖАНО по однос на оваа точка“.

5) Д-р Мери Пеева Петреска:

„Го разгледав приложениот материјал и ја разбирам потребата од измени и дополнувања на Правилникот за КСУ, посебно во услови на пандемија, но поради времето кое ни е дадено да го разгледаме материјалот и не можноста да дадеме предлози и сугестии по однос на истото, за првата точка гласам за а за втората – воздржано“

6) Д-р Наташа Петреска:

„По однос на втората точка сметам дека во овие моменти на пандемија не постои итност без претходна опсежна дискусија, транспарентност и мислења на колегите за вакви измени. Мислам дека треба да се насочат сите сили во овие моменти за што побезболно да ја надминеме оваа состојба. Гласам воздржано“.

7) Д-р Милан Ламевски:

„Јас лично сметам дека измените од ваков калибар се посериозни, и не гледам зошто да не се овозможи дискусија по истите пред било што да се гласа. Мислам дека одлуката воопшто нема карактер на итност и ургентност за разлика од многу други теми што моментално ја засегаат стоматолошката фела. Во однос на втората точка, се изјаснувам против, со образложение дека начинот на одлучување сметам дека не е соодветен и се злоупотребува затекнатата ситуација, а од друга страна самата улога на нас делегатите е пред се да дискутираме и споделиме предлози и идеи, а не само да се изјаснуваме по однапред дадените предлози. За оваа работа (која ги засега буквално сите стоматолози во државата) потребно е претходно да се продискутира по региони (пример електронски) па заклучоците од сите региони да се процесираат во соодветно решение. Само така волјата на колегите би била земена предвид“.

8) Д-р Андреј Рендевски:

„По однос на втората точка „Разгледување и изјаснување за измените на Правилникот за облиците на континуирано стручно усовршување...“ сметам дека не постои никаква итност за одржување на ваков облик на седница на Собрание (за којшто облик бев исклучително против при носењето на измените на Деловникот за работа на Собранието на 26.12.2018 година кога и демонстративно прв ја напуштив таа седница), особено не со ваква точка на дневен ред каде се предлагаат измени на општ акт согласно Закон за здравствена заштита и јавни овластувања на СКМ доделени од Министерство за здравство. По ваква точка сметам дека треба да претстои опсежна расправа, дискусија, поднесување на амандмани од страна на колегите делегати, со цел на крај донесените одлуки бидат транспарентни и одраз на мислењето на колегите ширум државата и сите здруженија, а со тоа во контекст на владеењето на демократијата во едно демократско општество какво и се стремиме да бидеме. Затоа предлагам оваа точка на дневен ред да се одложи и расправа на следна прва редовна седница на Собрание. Во спротивно, ќе сметам дека постојат скриени намери каде на нетранспарентен начин се врши обид за измени на овој Правилник во корист на некои здруженија имајќи ја предвид поврзаноста на највисокото раководство на СКМ со истите и нивниот судир на интереси. Затоа, не сакам да учествувам во измени на овој Правилник на ваков начин и гласам ПРОТИВ по оваа точка“.

9) Д-р Атанас Павлевски:

„Во однос на втората точка, апсолутно ги поздравувам сите позитивни промени, а и редно беше и да им се даде простор и на докторите по стоматологија без универзитетски звања, НО сметам дека правилникот треба да претрпи уште некои измени, а за кои на ваков начин на седница нема простор за дискусија. Поради тие причини и покрај високо позитивната оцена за промените во Правилникот ќе останам воздржан по таа точка".

==========================================================================

По однос на втората точка за измените на Правилникот за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите на континуирано стручно усовршување за обновување на лиценцата за работа за здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, Претседателот на Собранието констатира дека, согласно Деловникот истите се усвоени со 41 гласа *ЗА*, 3 гласа *ПРОТИВ* и 7 гласа *ВОЗДРЖАНИ и* дека Правилникот за измените на Правилникот за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите на континуирано стручно усовршување за обновување на лиценцата за работа за здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата ќе влезе на сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија'', а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство и во гласилото на Комората и на интернет страницата на Комората.

**Собрание на Стоматолошка комора на Макединија**
**Претседател,**
**д-р Оливер Манасиев**

М.П.

Стоматолошка комора на Македонија
СКОПЈЕ